

# Никола
# МАРТИНОСКИ

Културно-Информативен Центар

www.kic.mk

## Линија на слободата: циклусот "Еротски цртежи" на Никола Мартиноски

Делата за оваа изложба се цртежи од Никола Мартиноски создавани во текот на шеесеттите години од минатиот век, во неколку техники: молив, фломастер, акварел, гваш и/или нивни комбинации. Определен број се вињети, работени, најчесто, со фломастер во форма на разновидни асоцијативни, апстрактни форми, некаков облик на моментно течение на мислите и раката на уметникот забележан врз хартија. Неколку остварувања се работени во вообичаениот, познат, манир на Мартиноски во создавањето портрети и фигури на Циганки, а најголемиот број од збирката ја сочинуваат делата кои припаѓаат на неговиот циклус "Еротски цртежи", за кој во овој текст посебно ќе се осврнеме.

Која е причината за нивното создавање?

Лично сум подготвен да претпоставам дека тоа е наклонетоста на Мартиноски кон експресионизмот. Тој нему му припаѓа не само во форма на прифатен ликовен правец - актуелен во периодот на неговото формирање, туку и како некаков избор на егзистенцијален светоглед, некаков медиум, преку кој тој ќе може да ги оствари сопствените ослободувања од рамките на однесување кои му ги наметнувала средината. Експресионизмот за Мартиноски е создадено поле за неговото ослободување. Некогаш, тоа (ослободување) е во форма на социјален ангажман, некогаш во форма на еротски фантазии, некогаш во отворен излив на сексуалноста, а често во сплет на повеќе од темите кои го окупираат. Преплетот е постојано присутен: "Дури може да се констатира дека доилките ја имаат заводливоста на жените за забава и токму во тој спој на благородното мајчинство и потенцијалното оддавање на блуд антиципираат бизарна врска"(1).

Ако се потсетиме на проблемите кои уметникот ги имал со власта поради уништените мурали со еротска содржина во кафеаната "Океан" од 1935, донекаде можеме да го заокружиме впечатокот за неговата окупираност со оваа тема.

Во опусот на Мартиноски, она што го именуваме со синтагмата "Еротски цртежи" полека почнува да се вообликува во втората половина од XX век. Неговиот "класичен" експресионизам е веќе заокружен со делата создадени пред Втората светска војна. Новото време и новите состојби бараат поинакви излезни решенија. Позицијата на Мартиноски во општеството е поинаква, а променет е, веројатно, и самиот тој. Неговото творештво бара поинакви патеки. Експресионистичкиот грч полека се претопува во елегантен манир концентриран врз колоризмот. Фигурите почнуваат сè повеќе да се издолжуваат. Неговите слики постапно се вообликуваат во стил кој е фокусиран врз леснотијата на создавањето, врз мајсторството во реализацијата на задачата.

Што станува со цртежите?

За споменатиот период, Соња Абаџиева пишува: "Во втората половина на педесеттите година на минатиот век, тој реализира серија дела, но особено цртежи со сладострастни содржини... Овие цртежи (гвашеви, акварели, скици, вињети...) со динамични композиции, доловуваат весела атмосфера поврзана со митолошки теми, пагански празнувања, танци, баханалии..., испреплетени со флорални и анимални елементи. Раскошните варијации на тематски простори кои ја подразбираат екстазата, постигната на диферентни локации на задоволствата (пољани, циркуси, кафеани...), се повеќе и поблиску до дискурсот на Пикасо, Кле и Матис, отколку кон неговите првопретпочитувани (Модиљани, Сутин, Кислинг, Грос). Љубовната густина во театрализираните сексуални оргии е во близина на медитеранските пагански култови кон природата (музика, игри и танци за плодородие и бериќет) и, поконкретно, на баханалиите и фалофориите, организирани во чест на богот Дионис."(2) Во споменатиот период, а особено во шеесеттите години,

Мартиноски формира мошне специфичен тип на знак за човечка фигура. Тоа се издолжени тела со елиптични глави, на кои се нафрлени нивните означувачи за очи, нос и уста. Во почетокот тие формираат преплети со екстатични содржини, но постапно темите се стабилизираат во некаква идилична поетика за љубовта. Абаџиева забележува: "Бруталноста на овие теми (Абаџиева пишува за делата со еротска содржина од триесеттите година на XX век; м.з.), во шеесеттите години им отстапува место на лирските прегратки и на поетиката на љубовните изливи, во повеќе Шагаловски отколку Гросовски означените дела на Мартиноски"(3). Издолжените елегантни фигури, од екстатичност преминуваат во идиличен танц, потоа добиваат крилја, а на крај, се наоѓаат во потполна бестелесна леснотија слободно лебдејќи во просторот.
Сето ова се случува под раката на еден вистински, роден, цртач. Кај постарите генерации на македонски ликовни уметници постоеше вистински мит за оваа негова вештина. Беше споменувана неговата можност воопшто да не гледа во листот на кој црта - раката поседувала автоматизам со голема прецизност. Како и да е, неговите цртежи, како целина, се една голема доблест во македонската ликовна уметност. Ваквата вештина применета во контекстот на "Еротските цртежи" има сопствени специфичности. Брзината во изработката станува сè поголема, линијата е трага од брза забелешка. Мартиноски во серијата воглавно применува два типа линии: гестуална, прецизна и рамна линија; и линија која е "изрецкана", постигната со мали поместувања на потегот нанапред и наназад. Во некои дела, оваа, втора линија, станува цел сама на себе. Таа молскавично брзо се движи по површината на листот оставајќи некакви испрекинати траги, а во нејзината патека нема никаква недоумица за нејзината насока. Треперењето на потегот ја следи менталната претстава на авторот за нејзината цел.
Најголем број од цртежите се потпишани и се датирани. Овој чин упатува кон заклучокот дека Мартиноски (кој цртежите ги работел на првото парче бела хартија кое му било при рака) кон нив имал однос како кон неотуѓив, реален, уметнички чин.
Овој циклус е создаван во период кога Македонија е целосно посветена кон проектот на остварување на сопствениот модернитет. Како општествен проект, тоа е колективен чин во кој партиципираат уметниците кои тогаш активно создаваат. Во тој контекст Мартиноски прави задршка, создава серија дела која во основа, иако одреден број цртежи се изложувани, е од личен карактер. На опачината од листовите често се наидува на лични пораки а, претпоставувам, самото врачување на цртежот на личноста на кој ѝ бил наменет, е активен чинител во побудата за неговото создавање. Освен што се цртежи, освен што се тоа и еротски цртежи, овие дела се и некаква форма на картички - лично упатена порака до личноста за која делото било создадено. Самиот автор го создава контекстот за сопственото творештво и токму тоа, овој циклус цртежи го чини актуелен и компатибилен со современите, проширени, толкувања и практикувања на уметноста.

Лазо Плавевски

---

(1) Соња Абаџиева, super(h)EROS, Типолошки нарации на еротскиот дискурс во македонската ликовна уметност - 20 и 21 век; каталог; Национална галерија на Македонија, Скопје, 2007, ), стр. 22
(2) Исто, стр. 28
(3) Исто, стр. 42

## The line of freedom: "Erotic Drawings" by Nikola Martinoski

The works presented at this exhibition of Nikola Martinoski were created during the 1960s, in several media: pencil, marker, watercolor, dry brush and/or combination of some of them. Some of them are vignettes, often made with markers, in the form of associative, abstract forms, a kind of a momentary stream of the thoughts and the hand of the artist, noted on paper. Some works were made in the usual, familiar Martinoski's manner of drawing portraits and figures of Gipsy women, while most of the collection consists of works that belong to his cycle "Erotic Drawing", which will be especially reviewed in this text.

What was the reason for their creation?

I am personally apt to suppose that it was the inclination of Martinoski towards the Expressionism. He belong to it not only in the form of an adopted painting movement - actual in the period of its birth, but also as a kind of a choice of existential viewpoint, a medium through which he realized his own liberation from the frames of behavior imposed by the surrounding. The Expressionism is for Martinoski a field made specially for his liberation. At times that (liberation) is in the form of a social engagement, at times in the form of erotic fantasies, at times an overt demonstration of sexuality, often combined with the topics that occupy him. The interlace is always present: "One can even conclude that the wet nurses have the seductiveness of loose women and it is in that union of noble motherhood and a possible dedication to debauchery that they anticipate this bizarre relation." (1)

If we bring to mind the problems the artist had with the authorities because of the destroyed murals with erotic contents in the café "Ocean" in 1935, we can to some extent complete the impression on his preoccupation with this topic.

In Martinoski's opus, the part we have labeled with the syntagm "Erotic Drawings" has gradually started to shape up in the second half of the 20th century. His "classical" expressionism is already completed with the works made before he Second World War. The new time and the new circumstances required different outcomes. The position of Martinoski in the society was different and he himself had probably changed, too. His artworks required different ways. The expressionistic cramp gradually turns into an elegant manner concentrated on coloring. The figures are getting longer and longer. His paintings acquire a style which is focused on the easiness of the creation, on the mastership in fulfilling the task.

What happens to the drawings?

On the mentioned period Sonja Abadzieva writes: "In the second half of the 1950s he made a cycle of works, especially drawings with lusty contents... These drawings (dry brush, watercolors, sketches, vignettes...) with dynamic compositions rendering a joyful mood, related to mythological topics, heathen festivities, dances, Bacchanalias..., interlace with floral and animal elements. The abundance of variations of topic ambients which include the ecstasy achieved on different locations of pleasure (meadows, circuses, café-bars...), are closer to the discourse of Picasso, Klee and Matisse than to his favorites Modigliani, Soutine, Kisling, Gross). The love density of the theatricalized sexual orgies is close to the Mediterranean heathen cults of nature (music, games and dances for good harvest) and, more precisely, to the Bacchanalias and phalloforias organized in the honor of the god Dionysius." (2) In the mentioned period, especially in the 1960s, Martinoski renders a specific type of a sign for a human figure: elongated bodies with elliptic heads with outlined signs of eyes, noses and mouths. At first they form interlacements with ecstatic contents, but gradually the topics stabilize in a certain idyllic poetics of love. Abadzieva noted: "The brutality of these topics (Abadzieva refers to the works with erotic content from the 1930s; noted by the author) was replaced in the

1960s with lyrical hugs and with the poetics of love outpourings, in the works rather inclined to Chagall than to Gross." (3) The elongated elegant figures turn from ecstatic to idyllic dance, then they acquire wings and in the end they are in a total bodiless easiness, freely levitating in space.
All this is happening under the hand of a true, real drawer. The older generations of Macedonian artists cherished a kind of a myth on this skill of his. They referred to his ability to draw without looking at the paper - his hand had such an automatism and great precision. However, his drawings as a whole are an enormous virtue of the Macedonian fine art. This skill applied to the context of the "Erotic Drawings" has its own particularities. The speed of production is rising, the line is just a trace of a quick note. In this cycle Martinoski usually applies two types of lines: gestural, precise and flat line and a line that is broken, acquired with small shifts of the stroke forward and backward. In some works this latter line becomes its own goal. It extraordinarily quickly moves on the paper surface, leaving broken traces, while its path includes no hesitation on its direction. The oscillation of the stroke follows the artist's mental image of his goal.
Most of the drawings are signed and dated. This fact leads to the conclusion that Martinoski (who used to make this drawings on the fist piece of paper that would come at hand) treated them as an inalienable, real, artistic act.
This cycle was made in the period when Macedonia was completely devoted to the project of acquiring its own modernity. As a social project, it was a collective act participated by artists who were active at the time. In that context Martinoski makes a shift by creating works which were basically of personal nature, although some of the drawings had been exhibited. The reverse of the paper often includes personal messages and I suppose that the very presenting of the drawing to the person it was meant to was an active agent in the incite for its creation. Besides being a drawing, besides the fact that they are erotic drawings, these works are also a form of cards - a personally sent message to the person for which the work had been created. The artist himself creates the context for his own works and this is the aspect that makes this cycle of drawings actual and compatible to the contemporary, enhanced interpretations and practices in the art.

Lazo Plavevski

---

(1) Sonja Abadzieva, super(h) EROS, Typological narrations on the erotic discourse in the Macedonian fine art - 20th and 21st century, catalogue, National Gallery of Macedonia, Skopje, 2007, p. 22.
(2) Ibid, p. 28.
(3) Ibid, p. 42

## Биографија

Никола Мартиноски (Крушево, 1903 - Скопје, 1973), сликар и педагог, еден е од основоположинците на македонско модерно сликарство.
Дипломира на Школата за убави уметности во Букурешт, 1927. Студиски престој во Париз, 1927-1928. Бројни самостојни изложби во Скопје, од 1929, Белград, Загреб, Дижон и Париз. Член на МАНУ, на белградската група "Облик", професор на Училиштето за применета уметност во Скопје, и директор на Националната галерија на Македонија.
Добитник на наградите 11 Октомври (1959 и 1964) и АВНОЈ, 1967.
Неговото творештво, воглавно експресионистичко, извршува големо влијание во формирањето на современото сликарство во Македонија.

## Biography

Nikola Martinoski (Krushevo, 1903 – Skopje, 1973), painter and pedagogue, one of the founders of Macedonian contemporary art. He graduated in 1927, from the Academy of Fine Arts in Bucharest, Romania. He exhibited on numerous individual exhibitions in Skopje, since 1929, Belgrade, Zagreb, Ljubljana, Dijon and Paris. He was member of Macedonian academy of science and arts, and also member of progressive art group from Belgrade "Oblik", professor in school for applied art in Skopje, and director of Macedonian National gallery. Prize-winner of national rewards: "11 Oktomvri" (1959 and 1964) and "AVNOJ", 1967. His opus, mainly, expressionism, has big impact in establishing of Macedonian contemporary art.



Без наслов,
молив на хартија,
45 x 19 см.

Untitled,
pencil on paper,
45 x 19 cm.



Без наслов,
молив на хартија,
23 x 14 см.

Untitled,
pencil on paper,
23 x 14 cm.



Без наслов,
фломастер на хартија,
50 x 14 см.

Untitled,
felt-tip pen on paper,
50 x 14 cm.




Без наслов,
молив на хартија,
50 x 39 см.

Untitled,
pencil on paper,
50 x 39 cm.



Без наслов,
фломастер на
хартија,
22 x 25 см.

Untitled, felt-tip
pen on paper,
21,5 x 25 cm.



Без наслов, фломастер на хартија, 21,5 x 30 см.

Untitled, felt-tip pen on paper, 21,5 x 30 cm.



Без наслов,
молив на хартија,
19 x 12,5 см.

Untitled,
pencil on paper,
19 x 12,5 cm.



Без наслов, молив на хартија, 12,5 x 19 см.

Untitled, pencil on paper, 12,5 x 19 cm.



Без наслов,
фломастер на хартија,
17, 5 x 15 см.

Untitled,
felt-tip pen on paper,
17,5 x 15 cm.



Без наслов,
фломастер на
хартија, 16 x 16 см.

Untitled, felt-tip pen
on paper, 16 x 16 cm.



Без наслов, фломастер на хартија, 14 x 9 см.

Untitled, felt-tip pen on paper, 14 x 9 cm.



Без наслов, фломастер, на хартија, 9,5 x 27,5 см.

Untitled, felt-tip pen on paper, 9,5 x 27,5 cm.



Без наслов,
молив на хартија,
44 x 36,5 см.

Untitled,
pencil on paper,
44 x 36,5 cm.



Без наслов, молив на хартија,
22,5 x 17 см.

Untitled, pencil on paper,
25,5 x 17 cm.



Без наслов, фломастер на хартија, 9,5 x 27, 5 см.

Untitled, felt-tip pen on paper, 9,5 x 27,5 cm.



Без наслов,
фломастер на хартија,
25 x 18 см.

Untitled,
felt-tip pen on paper,
25 x 18 cm.



Без наслов, акварел, 10 x 40 см.

Untitled, watercolor, 10 x 40 cm.



Без наслов, гваш, 32 x 22 см.

Untitled, gouashe, 32 x 22 cm.



Без наслов, гваш, 11 x 23 см.

Untitled, gouashe, 11 x 23 cm.



Без наслов, акварел, фломастер на хартија, 21 x 31,5 см.

Untitled, watercolor, felt-tip pen on paper, 21 x 31,5 cm.



Без наслов,
фломастер на хартија,
31 x 21 см.

Untitled,
felt-tip pen on paper,
31 x 21 cm.



Без наслов, фломастер на хартија, 13, 5 x 25,5 см.

Untitled, felt-tip pen on paper, 13,5 x 25,5 cm.

**Циклус “Еротски цртежи“** (цртежи, гвашеви, акварели, скици, вињети...), 1963/71

**Cicle “Erotic Drawings”** (dry brush, watercolors, sketches, vignettes...), 1963/71

Издавач: Културно-Информативен Центар - Скопје
За Издавачот: Златко Стевковски
Предговор: Лазо Плавевски
Превод/Лектура: Марија Хаџи-Митрова Иванова
Дизајн: Петар Петковски
Печат: "Датапонс" - СКОПЈЕ
Тираж: 500 примероци
ноември, 2009
ISBN 978-608-214-008-7

Културно-
Информативен
Центар

www.kic.mk